


# ПОЗИЦИСКИ ДОКУМЕНТ

## *Препораки за подобрување на мерките за вработливост за млади лица*

Yeep Youth Empowerment Enabling Prospects
СОС ДЕТСКО СЕЛО Ниту едно дете не треба да расте само
SOS KINDERDÖRFER WELTWEIT
german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT
СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk
МКЦ Младински Културен Центар Битола
CDI

*Препораки за подобрување на мерките за вработливост за млади лица*

## ВОВЕД

Овој документ со препораки е подготвен од страна на млади лица, учесници во проектот “Зајакнување на младите преку нови можности во Прилеп” спроведуван од страна на Коалиција на младински организации СЕГА а со финансиска поддршка на СОС Детско Село.

Во позицискиот документ се вметнати препораките дадени од младите лица при реализација на локални активности на кои присуствуваа исклучиво засегнати млади лица вклучувајќи дискусии, медиумска кампања, петиција “Создаваме нови можности” која беше потпишана од 350 лица, отворени денови за млади организирани во централното подрачје на Прилеп и преку директни интервјуа со невработени млади лица.

Поддржани со проектот, младите изработија акциски план од кој произлезе и овој документ со препораки со цел подобрување на состојбата со невработеноста на младите во нашиот регион.

## ПОЗИЦИЈА

Невработеноста и не подготвеноста да се излезе на пазарот на труд претставува најголем проблем со кој се соочуваат младите лица по завршување на нивното формално образование. Како уставно загарантирано право, правото на работа претставува можност за социјално и економско градење на младите лица како личности пред се, спремни да придонесуваат за подобрување на средината во која живеат. Не можноста на остварување на ова право доведува до, пред сé, психички проблеми, апатија, незаинтересираност, инертност кај младите лица, а потоа придонесува и до појава на одредени девијантни однесувања кои се штетни за себе и за околината во која живеат.

Локалните и националните власти со поддршка на граѓанскиот сектор треба да промовираат можности и обезбедуваат поддршка за младите луѓе. Институциите треба да

ги создадат овие можности со цел младите луѓе да се вклучат подготвени на пазарот на труд преку создавање на мерки за вработливост исклучиво наменети за млади лица кои би биле лесно пристапни за сите заинтересирани.

Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се во нивни интерес. Младите лица, преку досега воспоставениот систем на мерки за вработливост, се само крајни корисници, без право да учествуваат во создавање на истите.

Мерките за вработливост наменети за млади лица треба да претставуваат почетно средство и начин за задржување на младото население во нашата држава, да се спречи масовна емиграција на работоспособно население, како високо квалификуваното така и ниско квалификуваното. Како индиректно влијание на подобрување на вработливоста кај младите е и зајакнувањето на животниот стандард на населението, што значи отворање на нови можности.

Согласно уставно загарантираната обврска со која државата се обврзува да се грижи за социјалната сигурност на граѓаните и да обезбедува социјална праведност, и тоа како е потребно донесување на мерки за вработливост за млади лица.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБА

Според тримесечните извештаи на Државниот завод за статистика за 2021 и 2020 година во Македонија живеат 386.164 жители од вкупно 2.022.547 на возраст од 15-29 години, што во споредба со претходните години значи намалување на младото население, што поради емиграционите процеси, но и поради намалениот природен прираст. Од овие 173.624 се вработени, а како невработени се водат 43.424, од кои 37.417 се внесени во системот на Агенцијата за вработување како баратели на работа.

Бидејќи се работи за динамична и сензитивна категорија, која во нејзиниот развој е поотпорна на компромиси, согледувајќи ја лошата економска состојба и не можноста да се вработи, одлучува да ја напушти нашата држава.

Во последните 15 години беа воведени низа мерки за вработување на населението, посветени на младите. За жал статистиката на Евростат кажува дека во истиот период се иселиле приближно околу 200.000 лица од нашата држава, од кој голем дел било младо работоспособно население. Не е за игнорирање и бројот на лицата кои одат како сезонски работници во странство, а најчесто тоа се млади лица, кои не гледаат иднина во нашата држава.

Ова укажува дека досегашните политики и мерки за поддршка на младите неуспешни. Преку серија на дискусии и разговори, ова е перцепција и на млади лица од различни професии и образовни профили, кои биле на работа во странство, или моментално престојуваат таму, со никакви планови да се вратат во матичната држава ни е потврдено преку дискусија.

Во Агенцијата за вработување во 2020 година на ниво на Македонија, само 2.010 млади лица аплицирале за мерката за практикантство, од кои 1544 млади склучиле договори за практикантство или само 4,13% од младите кои се работоспособни ја искористиле таа мерка.

Според податоците од извештајот за месец Октомври на Агенцијата за вработување, во Центарот за вработување Прилеп регистрирани се 1.796 млади невработени лица на возраст од 15-29 години во 2021 година, од кои најголем број се на возраст 25-29 години и изнесува 869 лица. Во очекување на новите резултати на пописот во Македонија, бројката од приближно 1796 млади лица кои се невработени во споредба со бројот на вкупното население во Општина Прилеп не би била за потценување.

## ПРЕПОРАКИ

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, младите лица учесници во проектот "Зајакнување на младите преку нови можности" ги дефинираа следните препораки до креаторите на економските и младинските политики на локално ниво.

- Општина Прилеп да обезбеди буџет за поддршка на практиканство за најмалку 100 млади практиканти од Прилеп за 2022 година.
- Општината да обезбеди услови за воведување и организирање на нови образовни профили во средните училишта кои се побаруваат од локалните претпријатија во согласност со трендовите на пазарот на труд.
- Формирање на Локален Младински Совет, кој би бил посредник во иднина помеѓу младите и нивните барања и институциите на локално ниво.
- Донесување на стратегија за млади, со посебен акцент на младинската невработеност како клучен приоритет.
- Постоечките добри практики за поддршка на млади луѓе кои постојат во претпријатијата во нашата Општина, да се поддржат и да се применат во другите претпријатија.
- Поддршка на граѓанскиот сектор преку финансирање на проекти за поддршка на младите невработени лица преку организирање на неформално образование или

помош при преквалификација. Оваа поддршка да вклучи систем за контрола од страна на Локалната самоуправа.

- Организирање на кампањи за зголемување на свеста на младите за можностите кои ги нуди практикантството, за негово остварување за време на образовниот процес, со цел кадарот кој се пласира на пазарот на труд да биде подготвен за професиите кои се бараат на локално ниво.
- Подобрување на системот на практична работа во средното образование. Во соработка со бизнис секторот, да се вклучат младите во практична работа во самите претпријатија. Успехот на оваа мерка да се гледа преку систем на евалуација за постигнатото знаење за време на практичната работа.

*Позицискиот документ е подготвен во рамки на проектот „Зајакнување на младите преку нови можности во Прилеп“ кој го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА со поддршка од СОС Детско Село Северна Македонија, во рамките на проектот Зајакнување на младите преку нови можности (YEEP)*

Yeep Youth Empowerment Enabling Prospects
СОС ДЕТСКО СЕЛО Ниту едно дете не треба да расте само
SOS KINDERDÖRFER WELTWEIT
german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT
СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk
МКЦ Младински Културен Центар Битола
CDI